Тутунски Комбинат АД
Прилеп

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ КОН ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА „ТУТУНСКИ КОМБИНАТ- АД ПРИЛЕП“**
**за период 01.01.2022 – 31.12.2022**

Сметководствени политики и методи на вреднување на ставките од финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи;

Во овој период нема промени во сметководствените политики.

Остварени вкупни приходи во однос на претходниот период, кратка анализа на приходите и расходите и на остварениот финансиски резултат:

Финансискиот резултат на "Тутунски комбинат АД Прилеп" за период 01.01.2022-31.12.2022 покажува добивка во износ од 140.103 илјади денари. Споредбено со претходната 2021 година во истиот период имаме позитивен финансиски резултат од 138.614 илјади денари пред оданочување,односно добивка по оданочување од 134.707 илјади денари. Значи друштвото ги исполнува планираните параметри ,со тенденција да се продолжи со исто темпо и во наредните години.

- **Оперативните приходи** за мал процент се намалени во однос на претходната 2021 година , и се со вкупен износ од 848.093 илјада денари.

Причината за намалување на оперативните приходи е резултат на мал пад на приходите од продажба.

- **Оперативните расходи** се намалени од 1.021.154 илјади денари на 905.243 илјади денари. Намалувањето на оперативните расходи најмногу е изразено кај ставката „Трошоци за суровини и други материјали“.

- **Финансиските приходи** се зголемени од 196.415 илјади денари на 240.815 илјади денари споредено со претходниот период, односно истите се зголемени за 23%.

- **Финансиските расходи** изнесуваат 41.620 илјади денари, што претставува намалување за 17% во однос на претходниот период, кога изнесувале 50.248 илјади денари. Ова намалување на финансиските расходи се должи пред се на намалувањето на расходите по основ на камати од работењето со неповрзани друштва и расходите по основ на курсни разлики од работењето со неповрзани друштва.

- **Сеопфатна добивка** за периодот 01.01.2022 - 31.12.2022 година изнесува 140.103 илјади денари, наспроти добивка од претходниот период во износ од 138.614 илјади денари пред оданочување, односно добивка по оданочување од 134.707 илјади денари.

МАРКСОВА 101
7 500, ПРИЛЕП
Р. МАКЕДОНИЈА

Тел:+ 389 48 421 020
421 670
Факс: + 389 48 425 172

Цигари ДООЕЛ
Тел: +389 48 428 470
427 551
Факс:+ 389 48 427 964

Тутун ДООЕЛ
Тел.: +389 48 421 310
Факс: + 389 48 415 942

E-mail:tkpoffice@tkprilep.com.mk; www.tkprilep.com.mk

**Промени во кредитните задолжувања**

- Обврските на друштвото по основ на краткорочни кредити  се 806.039 илјади денари.

- Обврските на друштвото по основ на долгорочни кредити се намалени за 33 % во однос на претходниот период од 319.605 илјади денари на 214.808 илјади денари.

**Исполнување на планот и очекувања за престојниот период**

- Друштвото ги исполнува планираните параметри и очекува оваа тенденција да продолжи во Наредните години.

**Исплатени дивиденди (вкупно по акција)**

- Друштвото во период од 01.01.2022 до 31.12.20202 година нема исплатено дивиденда.
- Целокупната добивка ќе се користи за покривање на загуби од минати години.

**Прилеп**
**31.12.2022**

**Тутунски комбинат АД Прилеп**
**Менаџер по Финансии**
Гоце Котески

МАРКСОВА 101
7 500, ПРИЛЕП
Р. МАКЕДОНИЈА

Тел:+ 389 48 421 020
421 670
Факс: + 389 48 425 172

Цигари ДООЕЛ
Тел: +389 48 428 470
427 551
Факс:+ 389 48 427 964

Тутун ДООЕЛ
Тел.: +389 48 421 310
Факс: + 389 48 415 942

E-mail:tkpoffice@tkprilep.com.mk; www.tkprilep.com.mk